Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 259/0306
23.11 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 27.10.2023 година, врз основа на примена жалба од Богдан Илиевски ја донесе следната:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

**Веб порталот Либертас (www.libertas.mk) со текстот насловен „24инфо: Драма во ТВ Алфа, Груевски барал вклучување во живо?! " отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 22 септември 2023 година, Богдан Илиевски поднесе жалба за текст со наслов „24инфо: Драма во ТВ Алфа, Груевски барал вклучување во живо?! објавен на истиот датум, 22 септември 2023 на веб-порталот Либертас (www.libertas.mk).

Во жалбата, жалителот реагира на неточно и нефер известување, незастапена втора страна, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар.

Во жалбата се наведува дека не е побарано ниту едно мислење или став од било кој од менаџментот, ниту од редакцијата, каде што работат повеќе од 20 луѓе. Во жалбата се тврди дека во четврток, за кога се пишува дека била наводната тензија, авторот немал емисија, односно неговите емисии се во петок и сабота. Понатаму, жалителот тврди дека не е осуден па амнестиран, односно во судскиот процес немало епилог со пресуда, туку постапката била прекината во тек на судењето, а обвинението не постои во казнената евиденција. Илиевски тврди и дека не ниту бил учесник, ниту пак организатор во крвавите случувања, а во спротивно, за него немало да има ниту амнестија.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со веб-порталот „Либертас" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот одговори на жалбата, со тврдење дека објавата е пренесена од 24инфо, а изворот е наведен и поврзан со линк, а по веста во неполн час објавен е и демант. Линк од демантот е поврзан и со основната вест, нешто што беше утврдено и од страна на Комисијата за жалби при СЕММ.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и дека во текстот е **прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија**.

Членовите на комисијата за жалби утврдија дека е прекршен членот 1 од Кодексот, според кој **„проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**најмалку два меѓусебно неповрзани извора“**. Дополнително, **„новинарот треба да обезбеди втора страна, односно да им даде можност на сите засегнати страни од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад или критика“.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На јавната седница на 27 октомври 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за првично објавен текст во кој се тврди дека порталот „24 Инфо“ од „извори блиски на телевизија Алфа дознава дека имало драматични тензии во медиумот предизвикани од барањето на поранешниот премиер и пребеган осуден граѓанин на Северна Македонија, Никола Груевски“.

Во текстот се тврди дека идејата и барањето биле експремиерот Груевски да се вклучи во живо во емисијата на Богдан Илиевски, за кој се вели дека е „осуден, па амнестиран учесник и организатор во крвавите случувања во македонскиот парламент на 27 април 2017 година“.

Понатаму, во текстот пишува дека „внатре во редакцијата и менаџментот на телевизијата настанала вистинска тревога околу барањето на Груевски, при што конфликтот и раздорот на релација Груевски – Мицкоски се рефлектирал и внатре меѓу структурите на телевизијата“. Комисијата констатираше дека ТВ Алфа има објавено демант на оваа содржина.

Овој текст понатаму е пренесен од страна на веб-порталот Либертас, со линк до содржината и цитиран извор (24 Инфо) во насловот од текстот. Воедно, пренесен е и демантот од ТВ Алфа, каде што се тврди дека ниту имало некакви тензии ниту имало некакви барања за директни вклучувања во програмата.

Сепак, комисијата со мнозинство гласови одлучи дека веб-порталот Либертас сноси одговорност, кога презема одредена вест во која изостанува втората страна, треба да биде свесен за одговорноста што ја носи. Кога се копира и презема одредена вест, одговорноста паѓа и на оној што ја презема и цитира. Мнозинството членови на Комисијата сметаа дека иако „Либертас„ ставил повеќе огради во текстот, сепак, во случајов придонел нецелосно обработена информација да стигне до што поширока публика. Дел од членовите на Комисијата сметаа дека Либертас не го прекршил Кодексот, со оглед на тоа што цитирал и презел текст и притоа се оградил од одговорност, а дополнително го објавил и демантот на иницијалната информација. Дел од членовите сметаа дека постои прекршување и на членот 8 од Кодексот кој се однесува на тоа дека во судските постапки треба да се почитува

пресумпцијата на невиност, односно, во случајов, Илиевски не е осудено лице, бидејќи за него нема пресуда, туку е амнестиран. Со оглед на тоа што текстот е преземен, мнозинството членови не се согласија во одлуката да биде опфатен и овој член од Кодексот, со оглед на тоа што станува збор за цитат од друг медиум.

Во секој случај, на дискусијата преовлада мислењето дека и при преземањето туѓи текстови кои се нецелосно обработени, се допринесува за ширење непотврдени информации, што се коси со Кодексот и оттаму утврди прекршување на членот 1.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Димитар Мицев и Ердем Ахмет.

Се обврзува „Либертас“, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595